СУ-04-29/23

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА Петре Србиновски,** во врска со објавениот Јавен оглас број 1/2023 на Апелациониот суд Битола за вработување на определено време, согласно чл.14 и чл.21 од Законот за работни односи, на ден 26.05.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Од пријавените кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во Јавниот оглас бр. 1/2023 на Апелационен суд Битола за вработување на определено време до 31.12.2023 година се врши следниот избор:

1. За работното место "Судски референт – дактилограф" , категорија „Г", ниво „Г3" 2 (два ) извршители , СЕ ИЗБИРА кандидатот Дијана Стојановска од Битола ул." Козјак " бр.101.
2. За работното место, "Судски референт – извршител во писарница", категорија „Г", ниво „Г3" - 1 (еден) извршител, СЕ ИЗБИРА кандидатот Симона Стојчевска од Ресен ул."4 бр.14/6 со престојувалиште во Битола ул."Смилевски Конгрес" (ЈНА) бр.32/7.

Со избраните кандидати да бидат склучени Договори за вработување на определено време.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласноста на Министерството за финансии број 18 – 2196/4 од 06.04.2023 година и известувањето на Судскиот буџетски совет број 08-123/7 од 24.04.2023 година, Апелациониот суд Битола во два дневни весници – „Вечер" и „Коха", објави Јавен оглас за вработување на определено време на два извршители на работното место Судски референт- дактилограф, и еден извршител на работно место Судски референт – извршител во писарница .

По истекот на рокот за пријавување на Огласот, Претседателот на Судот од редот на пријавените кандидати на Огласот изврши избор како во изреката на решението согласно чл.21 од Законот за работни односи.

Апелационен суд Битола на ден 26.05.2023 година.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Претседател,**

**Петре Србиновски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД 1 БИТОЛА